МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 63 Шеесет и третата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 март 2025 година (четврток)**

Шеесет и третата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 20 март 2025 година (четврток), со почеток во 15.00 часот, во сала за состаноци барака 1-Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Предраг Станковски, Убавица Игнатоска, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Стоименовска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска,

На 63. (вонредна) седница на Советот присуствуваше Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова.

На 63. (вонредна) седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, член 40 од Законот за локалната самоуправа, член 16 и член 19 од Статутот на Општина и член 60, став 3 од Деловникот на Советот на Општина ја отвори 63. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот ја стави на гласање оправданоста за свикување на 63. (вонредна) седница.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, едногласно е изгласана оправданоста за свикување на 63. (вонредна) седница.

За работа на Советот на оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Предлог-Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настрадните граѓаните во Општина Кочани**

2. **Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Карпош за 2025година**

Претседателот го стави на гласање дневниот ред.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е изгласан:

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Предлог-Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настрадните граѓаните во Општина Кочани**
2. **Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Карпош за 2025година**

1. **Предлог-Одлука за доделување финансиска помош на семејствата на настрадните граѓаните во Општина Кочани**

Претседателот отвори расправа по точката.

Членот на Советот Татјана Стојановска побара објаснување колкава е финасиската помош која се доделува од страна на  Општина Карпош.

Претседателот на Советот Бранко Ристов образложи дека финансиска помош на семејствата на настрадните граѓаните во Општина Кочани изнесува 1.000.000,00  (еден милион )денари.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за доделување финансиска помош на семејствата на настрадните граѓаните во Општина Кочани.**

2.**Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот отвори распарава по точката

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОТ**

**По спроведеното гласање беше констатирано дека со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.**

Претседателот на Советот ја затвори 63. (вонредна седница) на Советот на Општина Карпош која заврши во 15:05 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-3714/6**
**Датум: 10.04.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**